# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 25/2019 Пробиштип 27.06.2019 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.25 одржана на ден 26.06.2019 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на План за вработување за 2019 година за Јавно комунално претпријатие „Никола Карев“ од Пробиштип бр. 26-627/3;
2. Залучок на Одлука за собирање на смет во населени места на територија на општина Пробишти бр. 26-627/4;
3. Заклучок на Одлука за утврдување на цена за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад во населени места на територија на општина Пробиштип (с. Ратавици, с. Стрмош, с. Неокази, с. Турско Рудари, с. Древено, с. Добрево, с. Пишица, с. Бучиште, с. Трипатанци. С.Плешенци и с. Долни Стубол) бр. 26-627/5;
4. Заклучок на Одлука за расход и продажба на основни средства – ремонтирани елементи без употребна вредност од ПС Ратавица, ПС Злетово и ПС Шилек (Добрево) бр. 26-627/6;
5. Решение за разрешување и за именување на член во Управен одбор од во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип бр. 26-627/7;
6. Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев„ Пробиштип бр. 26-627/8;
7. Одлука за давање на согласност на Правилник за внатрешна организација на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 26-627/9;
8. Одлука за давање на согласност на Правилник за систематизација на работни места во ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 26-627/10;

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-627/12
27.06.2019 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/16, 27/16, 35/2018 и 198/2018), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.06.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За давање согласност на изменувањето и дополнувањето на
Годишниот план за вработување на
ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2019 година

Член 1

Се дава согласност на Изменувањето и дополнувањето на годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев Пробиштип за 2019 година бр. 03-440/2 од 03.06.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Изменувањето и дополнувањето на годишниот план за вработување на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2019 година бр. 03-440/2 од 03.06.2019 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-627/3
26.06.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 27 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.06.2019 година, расправајќи по Одлуката за собирање на смет во населени места на територијата на општина Пробиштип бр. 02-464/1 од 12.06.2019 година , го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
За Одлука за собирање на смет во населени места на територијата на општина Пробиштип

1. Се задолжува УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип да донесе нова одлука за собирање на смет во населените места на територијата на општина Пробиштип и истата да ја достави до Советот на согласност на наредна седница на Совет .
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-627/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.06.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 27 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.06.2019 година, расправајќи по Одлука за утврдување на цена за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад во населени места на територија на општина Пробиштип (с. Ратавици, с. Стрмош, с. Неокази, с. Турско Рудари, с. Древено, с. Добрево, с. Пишица, с. Бучиште, с. Трипатанци. С.Плешенци и с. Долни Стубол) бр. 02-465/1 од 12.06.2019 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
на Одлука за утврдување на цена за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад во населени места на територија на општина Пробиштип (с. Ратавици, с. Стрмош, с. Неокази, с. Турско Рудари, с. Древено, с. Добрево, с. Пишица, с. Бучиште, с. Трипатанци. С.П лешенци и с. Долни Стубол)

1. Се задолжува УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип да донесе нова одлука за утврдување на цена за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад во населени места на територија на општина Пробиштип и истата да ја достави до Советот на согласност на наредна седница на Совет.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-627/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.06.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 27 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.06.2019 година, расправајќи по Одлука за расход и продажба на основни средства – ремонтирани елементи без употребна вредност од ПС Ратавица, ПС Злетово и ПС Шилек (Добрево) бр. 02-466/1 од 12.06.2019 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
на Одлука за расход и продажба на основни средства – ремонтирани елементи без употребна вредност од ПС Ратавица, ПС Злетово и ПС Шилек (Добрево)

1. Предложената одлука за расход и продажба на основни средства – ремонтирани елементи без употребна вредност од ПС Ратавица, ПС Злетово и ПС Шилек (Добрево) се враќа до УО на ЈКП Никола Карев на усогласување.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-627/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.06.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), а во врска со член 114 став 8 и 13 од Законот за заштита на децата (Службен Весник на РМ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 21/18, 198/18 и 104/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.06.2019 година, расправајки барањето за разрешување од Сандра Мијалковска бр. 26-640/1 од 24.06.2019 година и предлог на Министерството за труд и социјална политика Предлог бр. 03-4197/2 од 05.06.2019 година , го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За разрешување и именување на член во Управниот Одбор на ЈОУДГ„Гоце Делчев„ од Пробиштип

1. Во Управниот Одбор на Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип како претставник од Министерството за труд и социјална политика се разрешува Сандра Мијалкова.

2. Во Управниот Одбор на Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип како претставник од Министерството за труд и социјална политика се именува Златко Петков.
3. Мандатот на именуваните ќе изнесува 4 (четири) години.
4. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-627/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.06.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата (Службен Весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18) и (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.104/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.06.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев„ Пробиштип

Член 1
Вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавните услуги и на директорот на Јавната општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев „ Пробиштип, за период од 01.06.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2
Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-627/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.06.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 27 од Стаутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005 ), а во врска со член 116 став 1 алинеја 8 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017 и 21/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.06.2019 година, расправајќи по Правилникот за внатрешна организација на Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-130/1 од 11.06.2019 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

За давање согласност на Правилникот внатрешна организација на Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-130/1 од 11.06.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Правилникот за внатрешна организација на Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-130/1 од 11.06.2019 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-627/9
26.06.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005 ), а во врска со член 116 став 1 алинеја 8 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017 и 21/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019)„ Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.06.2019 година, расправајќи по Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-131/1 од 11.06.2019 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

За давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-131/1 од 11.06.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-131/1 од 11.06.2019 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип..

Број 26-627/10
26.06.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.